**ГРАД СКОПЈЕ**
ГРАДОНАЧАЛНИК

MQS
Partner of Quality Austri
Сертифициран систем спор
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110,

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

Наш број: 08-1516/1
12-02-2024

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Градоначалникот на Град Скопје донесе

**О Д Л У К А**
за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.04/2024 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Раководител на Сектор за информатички технологии и модернизација, шифра УПР0101Б02000, на ниво Б2, Сектор за информатички технологии и модернизација , се избира кандидатот Филип Силјановски.

2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 06.02.2024 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.04/2024 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Градоначалникот на Град Скопје бр.08-1177/6 од 09.02.2024 година, ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодување, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Раководител на Сектор за информатички технологии и модернизација, шифра УПР0101Б02000, на ниво Б2, Сектор за информатички технологии и модернизација, предложи да се избере кандидатот Филип Силјановски.

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

**Град Скопје**
**Градоначалник**

**Данела Арсовска**